Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 54, 15 февруари 2011 година

февруари 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област дизајнирање на текстил и облека на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставното-научното подрачје филозофија на Педагошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област биофизика и оптика на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област етика на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент по предмети од научната област социологија на масовни комуникации и информации на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕТИКА НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на седницата одржана на 13.12.2010 година, донесе Одлука (1602-114/13 од 13.12.2010 год.) за формирање на Рецензентска комисија за избор на ***наставник*** во насловно звање ***доцент*** за наставно-научната област ***етика*** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во состав:

1. д-р Стеван Алексоски – редовен професор,
2. д-р Стојан Пржоски – редовен професор во пензија,
3. д-р Јован Ананиев – вонреден професор.

По разгледувањето на приложените материјали и преземените активности, согласно со Законот и актите на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, Комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ (7.12.2010 година), за избор на наставник во звање *насловен доцент* од областа *етика* на насоката Новинарство и односи со јавноста на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип се јавија тројца кандидати: д-р Бранка Минчева-Коцевска, д-р Владимир Цидров и м-р Сузи Танева.

Врз основа на член 142 од Законот за високото образование и член 131 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира:

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Бранка Минчева-Коцевска** е родена на 26 февруари 1978 год. Средно образование завршува во Гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Скопје Потоа се запишува на студии на Институтот за филозофија при Филозофски факултет – Скопје на кој дипломира во учебната 2000/2001 год., со што се стекнува со звањето **дипломиран професор по филозофија**. Во 2006 год. се стекнува со звањето **магистер по филозофија** на Институтот за филозофија при Филозофски факултет - Скопје, а во 2009 год. се стекнува со звањето **доктор на филозофски науки** на Филозофски факултет - Скопје.

Во периодот од јануари до септември 2003 год. е вработена во SAAGE Студиско-аналитичка група за евроинтеграции при Министерството за одбрана на РМ. Во 2003 година, во периодот од јуни до јули е ангажирана во невладината организација Студиорум – Центар за меѓународни регионални истражувања и соработка на проект „Анализа на проценките на светските истражувачки центри и медиуми за иднината на Македонија”. Во периодот од септември 2004 до јануари 2009 год. е вработена како професор по филозофија, логика и етика во ДСУ Гимназија „Никола Карев” и ДСУПУ „Лазар Личеновски” – Скопје. Од јануари 2009 год. е раководител на Одделението за управување на човечки ресурси при Министерството за информатичко општество.

***Учество на семинари, конференции и конгреси***

Во јули 2003 година учествува на семинарот организиран од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (Стратегии за мобилизација на јавната администрација кон ЕУ интеграција).

Во периодот од 2004 до 2005 г. е дел од проектот „Креативна настава и учење”, организиран во рамките на фондација Институт Отворено општество Македонија и

УСАИД. Во истиот период е дел и од проектот организиран од страна на Црвен крст на Град Скопје, насловен како „Промоција на хумани вредности".

Д-р Бранка Минчева-Коцевска е дел и од Националниот план за акција за заштита на правата на децата во Република Македонија (2005 – 2015), кој се спроведува од страна на Министерството за образование и наука и УНИЦЕФ – Република Македонија. Во август 2006 год. е дел од Интернационалната школа за демократија и толеранција во рамките на Центарот за отворено образование во Софија, Бугарија, под покровителство на Советот на Европа.

Во периодот од октомври до ноември 2006 год. учествува во проектот за модернизација на образованието на Министерството за образование и наука на РМ насловен како „Проверување и оценување на постигањата на учениците". Во јануари 2008 год. учествува во УСАИД проектот за човеков и институционален развој, организиран од страна на американските институти за истражување на Меѓународната асоцијација за читање, насловен како „Унапредување на оценувањето во училиштата".

Во јуни 2009 година учествува во семинарот организиран од страна на Министерството за труд и социјална политика (Родово одговорно буџетирање). Исто така, учествува и во сумарната обука за полов концепт, вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиката и родова анализа, организирана од страна на ОСЦЕ и Министерството за труд и социјална политика. Во ноември 2009 год. е дел од проектот насловен како „Управување со човечки ресурси" чиј носител беше Агенцијата за државни службеници на РМ.

Д-р Бранка Минчева-Коцевска исто така била координатор за еднакви можности на мажите и жените (Министерството за информатичко општество), а исто така била и член на работната група за усогласување во доменот на планирање, оспособување и управување со човечки ресурси на Центарот за управување со кризи при Министерството за информатичко општество.

Кандидатката одлично го владе англискиот јазик, а пасивно и францускиот јазик. Има солидни комуникациски и компјутерски вештини.

***Научни и стручни трудови***

Д-р Бранка Минчева-Коцевска е автор на научна студија за меѓународното стручно списание „Безбедносни дијалози" под наслов „*Пагвашките иницијативи за мир и безбедност*" во издание на Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет, УКИМ, Скопје, бр. 1, 2010 год., стр. 103-123. Издава научен труд со наслов „*Универзална етика*" во издание на издавачката куќа „Макавеј" од Скопје, 2009 год. (Делото е поддржано од Министерството за култура на РМ, согласно со Годишната програма за издавачката дејност од национален интерес од областа на културата за 2009 година). Дел од нејзината наставно-образовна дејност се и предавањата во форма на радиоемисии од областа на филозофијата, етиката, моралот и слична проблематика од современ научен аспект на Универзитетското радио „Студент ФМ" на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Понатаму, автор е на статија за турскиот етичар и филозоф Фетхулах Ѓулен (Fethullah Gulen in uslubu herkesi kucaklior) за турското издание на меѓународниот неделник ЗАМАН, 10-16 мај 2006 година и на статијата „*Периодот на Фетхулах Ѓулен е прифатлив за секој човек*" за македонското издание на меѓународниот месечен весник ЗАМАН Македонија, јуни 2006 година.

Нејзината магистерска теза е на тема „*Универзалната етика и нејзините вредности*", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Скопје, јануари 2006 година, а докторската дисертација на тема „*Етика на мирот*", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Скопје, мај 2009 година.

Кандидатот **д-р Владимир Џидров** е роден на 1 јули 1968 година во Штип, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во Штип. Непосредно по завршувањето на средното училиште се запишува на Филозофскиот факултет во Скопје, а дипломира во 1992 год. Магистрира во 2003 година, а докторира во 2008 година на Филозофскиот факултет во Скопје.

***Научни и стручни трудови***

Д-р Владимир Џидров нема доставено научни трудови, но има доставено список на неколку научно-стручни трудови, односно тврди дека има издадено неколку труда од обласа која е негова специјалност: „Едно фундаментално разликување: Ноуменон во негативна смисла и Ноуменон во позитивна смисла" во *Филозофска трибина*, бр. 12, стр. 19-37, понатаму, „Homo Natura како натчовек" во Филозофија бр. 2, стр. 97-106, „Односот помеѓу етиката и спекулативната телеологија во Хегеловата филозофија", бр. 4, стр. 55-65 и „Критика на телеолошкиот ум", во Филозофија 3, број 11, стр. 63-70. Комисијата нема увид во трудовите и не може да даде свое мислење за интелектуалниот потенцијал на кандидатот д-р Владимир Џидров, поради што не го зема за сериозен кандидат за избор во звање насловен доцент.

Кандидатката **м-р Сузи Тенева** во целост не ги исполнува условите за избор во наставно звање. Таа е родена на 18 мај 1982 година во Скопје. Средно училиште завршува во 2000 год. во ДСУ „Браќа Миладиновци". Истата година се запишува на студиите по филозофија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", а дипломира во 2005 година, стекнувајќи се со називот **дипломиран професор по филозофија**. Во 2009 година станува магистер по филозофски науки.

Нема доставено список на трудови, поради што Комисијата нема увид во нејзината издавачка дејност. Став на Комисијата е дека оваа кандидатка во целост не ги исполнува условите наведени во Конкурсот и согласно со Законот за високото образование за избор во звање насловен доцент.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали на кандидатите, разгледувајќи ги нивните професионални активности и научноистражувачките активности на пријавените кандидати, Комисијата ја издвојува како сериозен кандидат за избор во наставно звање насловен доцент само кандидатката д-р Бранка Минчева-Коцевска што може да се аргументира со следниве индикатори.

Кандидатката д-р Бранка Минчева-Коцевска како со својот беспрекорен професионален ангажман, така и со целокупниот творечки опус се промовира во личност која во себе подеднакво инкорпорира новинар, педагог, истражувач и научник.

Креативната љубопитност, темелниот пристап, систематичноста и особено високата професионална свест во извршување на поставените задачи се основни особини што го одбележуваат интелектуалниот код на д-р Бранка Минчева-Коцевска, која одамна ја надминала својата професионална средина со широкиот радиус на владеење со научната област, што и овозможува континуирана комуникација со пошироката домашна и светска научна јавност.

Во таа смисла, д-р Бранка Минчева-Коцевска искуствата и стекнатите сознанија од учество на меѓународни семинари и конференции ги користи и ги имплементира во нашата научно - образовна средина.

Ако се земе предвид нејзината сфера на интерес, таа се легитимира како научник кој ќе даде непроценлив придонес во едукацијата на идните новинари во Македонија со нејзиниот избор за наставник по предметите на насоката Новинарство и односи со јавноста на Правниот факултет во Кочани.

Земајќи го предвид широкиот дијапазон на интереси и активности како личност, научник и истражувач, впечатокот за исклучителноста на нејзиниот интелектуален профил е неоспорен.

Кандидатката д-р Бранка Минчева-Коцевска има исклучително богата активност во сите сфери на научноистражувачката и апликативно-раководната активност. Поради тоа може да се констатира дека го надминува определениот квантум да биде избрана во наставно звање насловен доцент, затоа што има остварено вкупно 82 поени.

Поради наведеното, Комисијата му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип **д-р Бранка Минчева-Коцевска да ја избере за *наставник* по предметите од областа етика на насоката Новинарство и односи со јавноста, во звање *насловен доцент*, согласно со објавениот Конкурс.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Стеван Алексоски – редовен професор, с.р,**
**Д-р Стојан Пржовски – редовен професор во пензија, с.р.**
**Д-р Јован Ананиев – вонреден професор, с.р.**

## ПРИЛОГ

**Табела за вреднување на активностите на д-р Бранка Минчева-Коцевска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност ( НО )** | | | |
| Научно-популарна книга „Универзална етика“ | 1 | 10 | 10 |
| Авторски предавања во емисии од областа на етиката на Универзитетско радио „Студент ФМ“ (цела година секоја недела) | 40 емисии | 0,5 | 20 |
| **Вкупно** | | | 30 |
| **Научноистражувачка активност (НИ)** | | | |
| Докторска дисертација на тема „Етика на мирот“, мај 2009 година | 1 | 8 | 8 |
| Магистерска теза „Универзалната етика и нејзините вредности“ 2006 година | 1 | 4 | 4 |
| Учесни во проектот „Креативна настава и учење” организиран во рамките на Фондација Институт Отворено општество Македонија и УСАИД.<br>Учесник во проектот организиран од страна на Црвен крст на Град Скопје насловен како „Промоција на хумани вредности”. | 2 | 2 | 4 |
| 2009 година - Учествува со секциско предавање на семинарот организиран од страна на Министерството за труд и социјална политика (Родово одговорно буџетирање).<br>Активно вклучена во сумарната обука за полов концепт, вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиката и родова анализа, организирана од страна на ОСЦЕ  и Министерството за труд и социјална политика | 2 | 2 | 4 |
| Вкупно | | | 20 |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | |
| Статија за турскиот етичар и филозоф Фетхулах Ѓулен (Fethullah Gulen in uslubu herkesi kucaklior) за турското издание на Меѓународниот неделник ЗАМАН 10-16 Мај 2006 година | 1 | 6 | 6 |
| “Периодот на Фетхулах Ѓулен е прифатлив за секој човек” за македонското издание на ЗАМАН Македонија, јуни 2006 година | 1 | 3 | 3 |
| Класен раководител | 1 | 4 | 4 |
| Раководител на Сектор за управување со човечки ресурси во Министерството за информатичко општество на РМ | 1 | 3 | 3 |
| Учесник во проект „Проверување и оценување на постигањата на учениците“. Во јануари, 2008 год.<br>Уучество во УСАИД проектот за човеков и институционален развој, организиран од страна на Американските институти за истражување на Меѓународната асоцијација за читање “Унапредување на оценувањето во училиштата,2008 година | 2 | 5 | 10 |
| научна студија за меѓународното стручно списание “Безбедносни дијалози” под наслов Пагвашките иницијативи за мир и безбедност во издание на Институтот за безбедност, одбрана и мир, на Филозофскиот факултет, УКИМ, Скопје, бр. 1, 2010 год., стр. 103-123. | 1 | 6 | 6 |
| **Вкупно** | | | 32 |
| **Вкупно НО+ НИ + стручно-апликативно** | | | 82 |